**Како да штедиш пари кога си тинејџер?**

Со овој есеј би сакал да се обратам до сите тинејџери и да опишам на кој начин јас заштедувам пари, а со самото тоа и да ги мотивирам и тие да почнат да го прават истото. Многу е важно постојано да тргаме одреден износ пари на страна, па макар тоа и да е многу малку. На тој начин си овозможуваме посигурна иднина. Во продолжение ќе ви објаснам како јас заштедувам пари.

Јас како тинејџер секако дека имам многу желби и потреби кои сакам да си ги задоволам. Затоа пробувам да си поставам цел што сакам да постигнам со тоа што ќе штедам пари. Откога ќе ја пронајдам мојата цел, тогаш веќе сè ми е полесно бидејќи знам кон што да се насочам понатаму.

Исто така, за време на училишните денови гледам што почесто да си го подготвувам мојот оброк од дома, наместо да купувам низ околните пекари и продавници. Со тоа се заштедува доволен износ на пари. Исфрлам нездрави и лоши навики бидејќи не само што не се добри за здравјето туку чинат многу пари. На пример, наместо да трошам пари за газирани сокови, мене ќе ми заврши работа само едно шише вода наполнето од чешма. Исто така, наместо да одам во теретана, почесто ги употребувам справите коишто се поставени на кејот на Вардар.

Често знам да разгледувам страници на Интернет во врска со доделување стипендии и други награди. На тој начин веќе трета година добивам стипендија за постигнат успех како средношколец и со тоа постојано си ги одржувам моите финансиски средства на повисоко ниво.

Ова се дел од начините на кои може да се заштедат пари и кои јас, лично, ги употребувам во секојдневниот живот. Се надевам дека со овие кратки совети доволно ќе ве мотивирам вас, тинејџерите да почнете да размислувате за вашата иднина. Никогаш не е прерано или предоцна да се почне со штедење пари. Затоа бидете дисциплинирани и одговорни и не ги трошете парите непотребно затоа што тие се ограничен ресурс. Ценете го секој денар што го имате затоа што само така ќе си ја осигурате вашата иднина, а со тоа ќе си овозможите подобар живот и подобри навики за трошење во иднина.

**Виктор Ристаноски, IV-5**

**СЕПУГС „Васил Антевски Дрен“ - Скопје**